# Национални документи

## Одлука на Собрание за стапување на Република Македонија во членство во НАТО

23.12.1993

**Скопје, 23 декември 1993 год.**

Врз основа на член 121 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

**Одлука**
за стапување на Република Македонија во членство во Северно-атлантската договорна организација - НАТО

**Член 1**
Собранието на Република Македонија одлучи Република Македонија да стапи во членство во Северно-атлантската договорна организација - НАТО.

**Член 2**
Барањето за членство во Северно-атлантската договорна организација - НАТО, да го поднесе Претседателот на Република Македонија.

**Член 3**
Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".